РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-3972/7
21-11-2023 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 95-та седница одржана на ден 15.11.2023 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по пријава со број 12-3972/1 од 11.08.2023 година, поднесена од страна на познат подносител со наводи за несоодветно назначено лице за в.д директор во училиштето ------------ ,,------------------------,, Скопје од страна на градоначалникот на ---------------------, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување поради тоа што по пријавените наводи постапил друг надлежен орган.

Предметот се враќа на надлежно постапување до Државен просветен инспекторат.

Предметот со број 12-3972/1 од 11.08.2023 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

На ден 11.08.2023 година Државен просветен инспекторат достави Известување со бр.12-------- до ДКСК во прилог на кое е доставен и Записник за извршен вонреден инспекциски надзор бр.-------- од 20.07.2023 година во ---------- ,,----------------,, Скопје, со констатирана состојба за назначено несодветно лице за в.д директор на училиште.

ДПИ во Известувањето наведуваат дека врз основа на примена Иницијатива поднесено од ------------------ со барање за вршење на вонреден инспекциски надзор во ---------- ,,---------------------,, Скопје, во која се внесени наводи во однос на неправилности при назначување на в.д директор во --------------,,---------------,, Скопје, на ден 18.07.2023 година постапиле по Задолжението на директорот на Државниот просветен инспекторат со ИП1 бр.--------------- од 17.07.2023 година и извршен е вонреден инспекциски надзор за што е составен Записник ИП1 бр.-------------- од 20.07.2023.

При вонредниот инспекциски надзор од увидот во досието на лицето --------------, именуван за в.д директор на училиштето (Решение бр.------------- заверен со деловоден бр.------------- од 13.07.2023 во ----------,,------------------------,, Скопје од страна на градоначалникот на -------------------) е констатирано дека е наставник по ------------------------------ вработен во училиштето повеќе од 5 години. Именуваниот в.д директор не поседува Уверение за положен испит за директор , не поседува соодветен сертификат за познавање на англиски јазик не постар од 5 години, не поседува Уверение дека со правосилна судска одлука не му е изречеа казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Од увид на веб-страницата на Државниот испитен центар, во делот за регистарот на директори, ДПИ констатирал и утврдил дека во ------------- ,,----------------------------,, Скопје има 4 наставници кои го положиле испитот, а се со статус на вработени во училиштето и тоа: -------------------------------, ---------------------, ------------------------ и ------------------------, кои се сите наставници. Од увидот во досиеја дали горенаведените лица кои го положиле испитот за директор, исполнуваат услов за директор согласно член 91, став 2 од Законот за средно образование, ДПИ констатирал и утврдил дека при именување на вршител на должност директор на училиштето од редот на вработените, нема наставници и стручни соработници кои во целост ги исполнуват условите за директор а исто така и назначениот в.д директор ---------------------- не ги исполнил условите за директор согласно член 91 став 2 и член 93-в од Законот за средно образование. ДПИ за горенаведената утврдена фактичка состојба го извести и градоначалникот на Град Скопје.

Имајќи предвид дека во предметот не се наведени наводи за коруптивни дејствија и состојби на судир на интереси, согласно член 79 став 2 точка 8 од Законот за инспекциски надзор, ДКСК констатира и утврди дека постапката по предметот треба да продолжи пред Државен просветен инспекторат и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик-претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

Изработил: Ф.Ј., советник
Одобрил: Н.Б., член на ДКСК